АПЕЛАЦИОНЕН СУД
ШТИП

# Б И Л Т Е Н
## 1 – 2

Ш т и п
Декември 1997 година

# РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Претседател: Трајче Пуздерлиски -
претседател на Апелационен суд Штип

Членови: Киро Бојаџиски, Македонка Попкартова, Боге Илиев,
Димитар Шалев, Димитар Ковачовски, Надица Димитрова
Корнелија Давчева, Ангел Стојанов, Љубе Николов,
Светолик Николов, Рушка Папарова, Павел Василев,
Кире Здравев и Јагода Ѓуркова

Уредници: Киро Бојаџиски, Македонка Попкартова

Секретар и технички уредник - Кирче Донев

# ВОВЕД

Апелациониот суд во Штип, после прекин од четири години, повторно започна континуирано да издава Билтен по одредени ставови утврдени при второстепеното одлучување, како на граѓанскиот така и на кривичниот оддел, поаѓајќи од фактот дека Апелациониот суд со новата организациона поставеност е исклучиво второстепен суд и таквите ставови ќе допринесат за поквалитетно работење при првостепеното одлучување на Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Штип.

Од Редакцискиот одбор

# КРИВИЧНО ПРАВО

## КРИВИЧЕН ЗАКОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1. Кога Ј.О. пропуштил во обвинетелниот предлог да даде опис на сите телесни повреди кои ги задобил оштетениот, а кои повреди се утврдени во ЛУ, а дал опис само на една телесна повреда за која повредасудот донел правосилна пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен за кр. дело "Лесна телесна повреда" по чл. 44 ст. 2 од КЗ на РМ и осуден на парична казна, оштетениот во својство на супсидиерен тужител немал право да поднесува супсидиерен обвинителен предлог против истиот обвинетза истиот настан и за истото кр. дело за неопфатените телесни повреди, бидејќи се работи за пресудена работа.**

**Од образложението**

Општинското Јавно Обвинителство од Р. во поднесениот обвинителен предлог против обвинетиот М. С. од с. И, за кр. дело "Лесна телесна повреда" од чл. 44 ст. 2 од КЗ на РМ дал опис само за една телесна повреда-раздеротина - нагнечотина на главата, нанесена на оштетениот со камен, додека пропуштил да даде опис дека оштетениот имал задобиено и други телесниповреди: рана со помал крвен подлив на левиот лакт; крвен подлив 4х3 см во пределот на левата страна; крвен подлив во предел на десна потколеница 3Х4 см; огреботина на десна слепоочница и скршеница на седмо ребро, сите констатирани во лекарско уверение бр. 415 од 14.11.1992 год.

Првостепениот суд го прифатил поднесеното обвинение и по одржаниот претрес обвинетиот го огласил за виновен за кр. дело "Лесна телесна повреда" по чл. 44 ст. 2 од КЗ на РМ и го осудил на парична казна, а без при тоа во изреката на пресудата да ги наведе и другите телесни повреди опишани во лекарското уверение, а кои биле ненаведени во обвинението.

По правосилноста на пресудата К. 6р. 299/92 од 25.12.1992 год. оштетениот М. В. од с. И. застапуван од својот полномошник, адв. К. Р. поднел супсидиерен обвинителен предлог против обвинетиот М. С. од с. И. за повредите кои не биле опишани во обвинителниот предлог поднесен од Општинскиот јавен обвинител, ниту пак во правосилната пресуда, па предлага обвинетиот М. С. Да биде огласен за виновен за две кр. дела по чл. 44 ст. 2 од КЗ на РМ, од кои за едното кр. дело цитира дека бил огласен за виновен и осуден со правосилна пресуда К. бр. 299/92 од 25.12.1992 год., а со другите нанесени телесни повредида сторил уште едно кр.дело "Лесна телесна повреда" од чл.44 ст.2 од КЗ на РМ.

Според заземениот став на овој суд бидејќи сите телесни повреди опишани - констатирани во лекарското уверение и тоа како оние кои не се опфатени во обвинителниот предлог, како и во правосилната пресуда К. бр. 299/92 се нанесени во ист кривичноправен настан, од ист сторител, во исто време, во исти прилики, со истите е остварена заедничката последица -повреда на телесниот интегритет на оштетениот, независно на кој дел од телото се нанесесени, а според својата самостојност секоја за себе или сите заеднички се карактеризираат според мислењето на лекарот што го издал лекарското уверение како лесна телесна повреда, претставуваат според законското одредување за-еднички облик на кр. дело "Лесна телесна повреда" од чл.44 ст. 2 од КЗ на РМ за кое дело обвинетиот М. С. е огласен за виновен и осуден со цитираната правосилна пресуда К. бр. 299/92 од 25.12.1992 год.

Затоа правилно постапил првостепениот суд кога го одбил обвинението согласно чл. 349 т. 5 од ЗКП, бидејќи се работи за пресудена работа. Објект на кривичноправна заштита кај кр. дело "Лесна телесна повреда" е заштита на човекот од непосредно повредување на самото тело и неговото здравје. Во конкретниот случај се работи за еден процес на извршување на делото према оштетениот М. В. т. е. постои меѓусебен идентитет ( објективен и субјективен )

помеѓу овинението од Јавниот обвинител и обвинението од субсидиерниот тужител и тоа како во поглед на кр. дело, така и во поглед на сторителот. За постоењето на ист идентитет не се од важност оние измени и дополнувања во описот на фактичката состојба кои не доведуваат до формирање на ново т. е. друго кр. дело.

Пресуда на Општинскиот суд Радовиш К. бр. 6/94 од 11.02.1994 год.

Пресуда на Окружен суд Штип КЖ. бр. 203/94 од 21.04.1994 год.

**2. Кога со одземање на дете од обвинетите од рацете на тужителката и се нанесени телесни повреди на тужителката, тие со таквото дејствие не сториле кр. дело "Телесна повреда" од чл. 130 ст. 1 од КЗ.**

**Од образложението**

Основниот суд во К. ги огласил обвинетите Б.К. и М.М. од К. (кои се ќерка и мајка), затоа што критичниот ден и место со намера да од рацете на приватната тужителка М. К. од К. го одземаат малолетниот В. - внук на тужителката, а син на обвинетата Б.К. и притоа теглејќи и фаќајки ја тужителката за рацете и облеката со умисла и нанеле телесни повреди во пределот на надлактна регија на десна рака и модрица и огреботини на левиот лакот како што било наведено во Лекарското Уверение, па со таквото дејствие обвинетите како соизвршители да сториле кр. дело "Телесна повреда" од чл.130 ст. 1 од КЗ.

Апелациониот суд во Штип уважувајќи ја жалбата на обвинетите ја преиначи првостепената пресуда и ги ослободи обвинетите од обвинение (чл. 342 т. 3 од ЗКП ) од следните причини:

Приватната тужителка на главниот претрес меѓу другото во својата изјава изнела " Јасебно не сум била удирана со тупаници, шлаканици или сл., но за мене е потешко тоа што бев влечена, од тоа влечење имав и модреници, имав и огреботини, па така тоа беше потешка навреда за мене отколку било какво тепање". Од ваквата изјава веднаш се утврдува обвинетите не извршиле физички напад над тужителката, ниту пак кај нив постоела умисла да се нападне тужителката со цел телесно да се повреди обвинетата Б.К., која била во брак со синот на тужителката а чии брачни односи се пореметиле, критичниот ден се обидела да го земе и прифати во свои раце малолетниот В., на кое нешто се спротиставува тужителката, па помеѓу нив дошло до отимање на детето, а во помош на обвинетата дошла и нејзината мајка М.М., па двете се обиделе да го одземат детето, при што тужителката ја теглеле за рацете и за облеката и при тоа да и нанеле телесни повреди од лесен карактер - повеќе модринки и гребнатинки опишани во Лекарското Уверение, па додека се отимале околу детето случајно наишол сведокот З.В. кој го земал детето од рацете на тужителката и со тоа расправијата завршила.

Умислата кај обвинетите била да го земат детето од тужителката, а не да ја телесно повредуваат.

За овој суд опишаните повреди - модрици беа доведени под сериозно сомнение по однос на прашањето дали се нанесени од обвинетите, бидејќи во Лекарското Уверение стои дека тие се по боја модрозеленкасти - плавозеленкасти, бледоцрвенкасти, ова од причина што според медицинската наука е докажано дека дури после протекот од 7 дена од нанесувањето на крвните подливи - модрици, истите добиваат валкано зеленкаста боја (модрозеленкаста).

Поради горе изнесеното пресудата е преиначена и обвинетите се ослободени од обвинение со правилна примена на КЗ за кр. дело "Телесна повреда " по чл. 130 ст.1 од КЗ.

Пресуда Основен суд Кочани К. бр. 12/97 од 11.04.1997 год.

Пресуда Апелационен суд Штип КЖ. бр. 226/97 од 22.08.1997 год.

**3. Кога обвинетите заедно со малолетникот отишле во напуштената просторија, па второобвинетиот побарал од третообвинетиот да му го стави половиот орган во чмарот, а малолетникот да му го стави својот полов орган во устата, со таквите дејствија второ и третообвинетиот сториле кр. дело "Противприроден блуд" од чл.101 ст. 2 од КЗ на РМ, а не кр. дело "Подведување и овозможување полови дејствија" од чл. 192 ст. 2 од КЗ, бидејки КЗ на РМ е поблаг закон за второобвинетиот.**

**Од образложението**

По поднесеното обвинение Основниот суд првообвинетиот Д.М. го ослободил од обвинение за кр. дело "Противприроден блуд" по чл. 101 ст. 2 од КЗ на РМ в.в. со чл. 23 од КЗ на РМ - опд, а врз основа на чл. 350 т. 3 од ЗКП, додека второобвинетиот И. П. и третообвинетиот Б. В. ги огласил за виновни за кр. дело "Противприроден блуд" по чл. 101 ст.2 од КЗ на РМ и осудил на ефективни казни.

Второобвинетиот И.П. во поднесената жалба меѓу другото истакнува дека поради фактот што делото е извршено на 4.12.1995 год., а бидејќи во меѓувреме стапи во сила новиот Кривичен Законик со важност од 1.11.1996 год. (објавен во Сл. весник на РМ бр. 37/96 од 29.07.1996), во кој противправното дејствие за кое бил огласен за виновен не било предвидено како кр. дело, па предлага да се примени новиот КЗ како поблаг закон и да биде ослободен од обвинение.

Апелациониот суд во Штип одбивајќи ја жалбата како неоснована утврдува дека на правилно и целосно утврдена фактичка состојба правилно е применет КЗ на РМ и дека во дејствијата на жалителот - второобвинетиот И. П. се содржани сите елементи на кр. дело "Противприроден блуд" по чл. 101 ср. 2 од КЗ на РМ кој важел во времето на извршувањето на кр. дело од следните причини:

Во новиот КЗ е предвидено кр. дело "Подведување и овозможување полови дејствија" од чл. 192, а во ст. 2 на овој член е речено "тој што ќе овозможи вршење полови дејствија со малолетно лице" ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години. Во конкретниот предмет е утврдено дека второобвинетиот - жалителот И. П. го повикал малолетникот О.В. и му рекол да го стави својот полов орган во неговата уста - што малолетникот тоа и го сторил. И во новиот КЗ е дадена кривично - правна заштита од полови дејствија со малолетни лица, а не да е декриминализирана како што истакнува жалителот. Напротив со новиот КЗ кривично - правната заштита на малолетниците е зголемена, што се гледа и преку запретената казна во ст. 2 на чл. 192 од КЗ. Затоа овој суд утврди дека КЗ на Рм е поблаг кривичен закон согласно чл. 3 од КЗ, бидејќи за кр. дело "Противприроден блуд"по чл.101 ст.2 од КЗ на РМ е запретена казна затвор до 1 година, поради што а врз основа на чл.384 од ЗКП е одлучено како во изреката.

Пресуда Основен суд Делчево К.бр. 222/95 од 17.09.1996 год.

Пресуда Апелационен суд Штип КЖ. бр. 28/97 од 17.03.1997 год.

**4. Кога оштетвниот сам доаѓа во куѓата на обвинвтиот и бара од обвинетиот по секоја цена да ги види - разгледа, анализира записите, тетратките, и мапите за скриено богатство - злато, а обвинвтиот тоа му го овозможи, а оштетениот за истите плати 17.500 ДЕМ на обвинетиот, а после една година и два месеца бара оштетениот врагање на платените девизи од обвинетиот поради ненаоѓање на такво богатство, а обвинетиот не ги враќа земените девизи со тоа не го сторил кр. дело "Измама" по чл. 161 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ на РМ.**

**Од образложението**

Окружниот суд во Штип уважувајќи го неслагањето со барањето за спроведување на истрага на Истражниот судија поднесено од оштетениот Г.М.од К. преку својот полномошник Адв. В.М. од С. против обвинетиот Н.Т. од Ш. За кр. дело "Измама" од чл. 161 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ на РМ. го одбил како неосновано, од причина што оценил дека нема доволно основано сомнение за спроведување на истрага од следните причини :

Од изјавата на обвинетиот Н. дадена при неговото испитување како и од увидот во списите по предметот, јасно произлегува дека обвинетиот не го наговорил, ниту присилувал оштетениот да ги купи тетратките, мапите и другите записи за скриено богатство (злато), но сето тоа оштетениот сам го сторил т.е. сам неповикан дошол кај обвинетиот со неговата сопруга и уште едно лице и тоа повеќе пати и ги истите барал. Обвинетиот Н. по упорно инсистирање – барање му овозможил на оштетениот Г. М. да ги разгледа, прочита, и анализира тетратките, мапите и другите записи, а со тоа обвинетиот не прикрил никакви факти.

Со разгледувањето, читањето и анализирањето на тетратките, мапите и другите записи му е овозможено на оштетениот сам да процени и оцени дали на истите може да верува или не и дали за истите треба да даде - плати - пари на обвинетиот или не. По таквата проценка и оценка оштетениот му платил на обвинетиот 17.500 ДЕМ.

Оштетениот по протек од 1 година и 2 месеца по изговор дека не нашол скриено богатство бара враќање на парите од обвинетиот.

Како оштетениот бил свесен дека парите ги дава за записи, тетратки и мапи за скриено богатство, чија содржина предходно ја запознал и анализирал и барал од обвинетиот да му ги продаде, а поради отсуство на факти за тоа со кои дејствија обвинетиот го довел во заблуда оштетениот, затоа Окружниот суд во Штип смета дека нема доволно основано сомнение да обвинетиот Н. Т. Го сторил кр. дело "Измама" од чл. 161 ст. 3 в.в. ст. 1 од КЗ на РМ.

Решение на Окружен суд Штип Кс. бр. 3/96 од 15.01.1996 год.

**5. Кривичното дело "Вонбрачен живот со малолетно лице" од чл. 197 ст. 2 од КЗ можат да го извршат родителот - посвоителот или старарателот на малолетното лице што навршило 14, а не навршило 16 години, ако му допуштат да живее во завдница со друго лице или ќе го наведат на тоа.**

**Од образложението**

Према обвинетите С.Т. и Г.Г. е поднесен од ОЈО обвинителен предлог за тоа што во својство на родители на нивниот малолетен син Б.Т.на возраст од 17 години, 1 месец и 1 ден , му допуштиле да живее во вонбрачна заедница во нивната куќа, почнувајќи од 12.06.1997 год. па наваму со малолетната Н.С. на возраст од 14 години, 9 месеци и 22 дена, и со таквото дејствие да сториле по

едно кр. дело "Вонбрачен живот со малолетно лице" од чл. 197 ст. 2 од КЗ. Првостепениот суд правилно ги ослободил обвинетите од обвинение согласно чл. 342 т. 1 од ЗКП, кога утврдил дека во дејствијата на обвинетите нема елементи на ова кр. дело по член 197 ст. 2 од КЗ потребно е да малолетното лице т.е. нивното дете на кое му дозволиле - допуштиле да живее вонбрачно да навршило 14, а да нема навршено 16 години. Бидејќи во конкретниот предмет стои во обвинението, а тоа произлегува и од доказите -извод од матичната книга на родените малолетната Б.Т. бил на возраст од 17 години, 1 месец и 1 ден, иако живеел и покрај несогласноста на неговите родители во вонбрачна заедница со малолетната Н.С. во таквите дејствија на родителите не се содржани елементите на кр. дело од чл. 197 ст. 2 од КЗ.

Поради изнесените причини кои во целост ги прифаќа и овој суд следуваше жалбата на Јавниот обвинител да се одбие како неоснована, а првостепената пресуда да се потврди согласно чл. 375 од ЗКП.

Пресуда Основен суд Св. Николе К.бр. 51/97 од 12.09.1997 год.

Пресуда Апелационен суд Штип КЖ. бр. 354/97 од 31.10.1997 год.

**6. Под поимот "оружје" не влегува и заканувањето (застрашувањето) со кухински нож на службено лице - судски извршител во контекстот на кривичното дело "Спречување службено лице во вршење на службено дејство" од чл. 203 ст. 2 од КЗ на РМ.**

**Од образложението**

Првостепениот суд го огласил обвинетиот В.Ц. од гр. С. за виновен за кр. дело "Спречување на службено лице во вршење на службено дејство" по чл. 203 ст. 2 од КЗ на РМ, затоа што кога службеното лице Р.А. - како судски извршител постапувајќи по извршен предмет каде лицето Т.Ц. - татко на обвинетиот се јавувал како должник, обвинетиот земал нож во раце кој бил на масата и го застрашувал извршителот дека ќе го избуши - со што го спречил во извршувањето на службеното дејствие кое требало да го изврши. За ова дело обвинетиот е осуден на казна затвор.

Поднесена жалба од обвинетиот Окружниот суд во Штип пресудата ја укина. Една од причините за укинувањето на одлуката е дека е погрешно становиштето на првостепениот суд да кухинскиот нож претставува "оружје" во смисла на чл. 203 ст. 2 од КЗ на РМ од следните причини :

Под поимот "оружје" се подразбираат предмети кои што исклучиво се наменети за напад врз животот и телото или за одбрана. Оружјето се дели на : огнено оружје; воздушно оружје; распрснувачко и гасно оружје и ладно оружје.

Под поимот "огнено оружје" се подразбираат сите видови пушки, пиштоли, револвери итн.

Под поимот "ладно оружје" се подразбираат : боксери, бодежи, ками, мечеви, сабји, бајонети итн. Додека кухинските ножеви спаѓаат под поимот "орудие" т.е. опасно орудие. Под поимот "орудие" се подразбираат сите предмети, односно средства кои првенствено се наменети и служат за обавување на разни работи во домаќинството и кои редовно служат за обавување разни работи во земјоделието, занаетчиството и индустријата, како што се на пример кухински ножеви, вила, лопата, ашов, гребло, секира, чекан, клешта, сврдел, турпија, клучеви - алати итн.

Пресуда Општински суд Струмица К.бр. 275/90 од 13.06.1994 год.

Решение Окружен суд Штип КЖ.бр. 448/94 од 15.10.1994 год.

**7. Со истовар на 6 м3 огревни дрва на пат - улица кој заеднички го владеат и користат тужителот и обвинетиот, а со тоа не се попречува пристапувањето до куќата на тужителот ниту пешки, ниту со возило, не е сторено кр. дело "Самовластие" по чл. 214 ст. 1 од КЗ на РМ.**

**Од образложението**

Правилно првостепениот суд го ослободил обвинетиот Л.К. од гр.К. врз основа на чл. 350 т. 3 од ЗКП, бидејки од изведените докази не било докажано да сторил кр. дело "Самовластие" од чл. 214 ст. 1 од КЗ на РМ, кое му се става на товар со поднесеното обвинение.

Според мислењето на Окружниот суд во Штип навистина произлегува дека обвинетиот не прибавил самовласно никакво право кое не му припаѓа, или што смета дека му припаѓа, бидејќи со судските одлуки кои се изведени како доказ во текот на претресот (граѓанска пресуда П.бр. 402/94 од 23.09.1994 год. потврдена со пресуда Гж. 6р. 1486/94 од 11.01.1995 год.) не е утврдено дека на обвинетиот не му припаѓа право на користење на заедничкиот пат и ладение на истиот т.е. со судски одлуки не е пропишан начинот на користење а тоа право, а од друга страна дел од правото за користење на заедничкиот пристапен пат на тужителката З.М. од К. воопшто не е повреден.

Од друга страна со истоварањето на 6 м3 огревни дрва на дел од заедничкиот пристапен пат до куќата на тужителката и обвинетиот, кај обвинетиот немало умисла за прибавување на противправен начин на свое право или право што смета дека му припаѓа, бидејќи со самиот факт што дрвата ги исекол и складирал во својот двор во рок од 3 дена укажува на една објективна нужност во која се наоѓал обвинетиот.

Како во конкретниот случај одсуствува општиот - конститутивен елемент на предметното кр. дело - противправноста, затоа што користењето и владението на пристапниот пат до куќите на тужителката и обвинетиот според судските пресуди е заеднички, значи постои правен основ за користење и владение на заедничкиот пристапеен пат со опишани граници и мери до куќите на тужителката и обвинетиот, па затоа следуваше да жалбата на тужителката и нејзиниот полномошник се одбие како неоснована, а првостепената пресуда да се потврди.

Пресуда Општински суд Кочани К.бр. 137/94 од 11.05.1995 год.

Пресуда Окружен суд Штип КЖ.бр. 488/95 од 11.09.1995 год.

**8. Кога гонењето го презел ОЈО и обвинетиот е огласен за виновен за кривично дело "Посебни случаеви на фалсификување на исправа" од чл.223 ст.1 т.1 в.в. со чл.222 ст.1 од КЗ на РМ и му е изречена условна осуда со која му е утврдено казна затвот во траење од 3 месеци која нема да се изврши под услов ако во рок од 1 година не стори ново кривично дело, а воедно на обвинетиот му е определена обврска да ја надомести штетата на правното лице (ППС) со тоа што ќе постапи според правосилна пресуда П.бр. 188/93 од 31.05.1993 год. која штета в предизвикана со кривично дело - оштетениот ППС не е овластен да поднесува барање за отповикување на условна осуда.**

**Кривичниот совет од чл. 23 ст.6 од ЗКП е надлежен и може да одлучува по поднесокот (предлогот) за отповикување на условна осуда.**

**Од образложвниeто**

Правилно постапил Кривичниот совет (од чл. 23 ст. 6 од ЗКП ) кога предлогот - поднесокот за отповикување на условна осуда поради неисполнување на определена обврска од обвинетиот - надомест на штета, поднесено од правното лице ( ППС Ф.К.) застапуван од полномошникот, адвокат Ј.И. го отфрлил како недозволен од следните причини :

- Во чл.509 ст.1 од ЗКП, а кој член со чл. 92 од Законот за измени и дополненија на Законот за кривична постапка (Сл. лист на СФРЈ бр. 14/85 од 22.03.1995 год.), а кој закон согласно чл.5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ се преиначува како републички пропис е кажано меѓу другото дека "кога во условната осуда е определено дека казната ќе се изврши ако осудениот не ја надомести штетата во определениот рок, судот што судел во прв степен ќе спроведе постапка за отповикување на условна осуда на предлог од овластениот тужител, а може и по службена должност".

- Во конкретниот предмет овластен тужител бил Општинскиот Јавен Обвинител од К., а не оштетениот.

Кривичниот совет од чл.23 од ст.6 од ЗКП е надлежен да одлучува по писмениот поднесок на оштетениот за отповикување на условна осуда од причина што мешаниот совет - составен од судија и судии поротници е само за судење на главен претрес - каде се утврдува постоење или непостоење на кривична одговорност на обвинетиот и се изречува казна, или донесуваат другите со ЗКП пропишани одлуки, додека според ст.2, 3 и 4 на чл. 509 од ЗКП за отповикување на условна осуда не се држи главен претрес - но се одлучува на седница на совет.

Решение на Општински суд Кочани Кс.бр. 6/94 од 16.09.1994 год.

Решение на Окружен суд Штип КЖ. бр. 508/94 од 24.11.1994 год.

**9. Кандидатот кој полага практичен дел од возачкиот испит, а при управувањесо пмв "Застава 101" постапи неправилно и непрописно т.е. спротивно на чл. 51 од ЗОБСП при навлегување во раскрсница – свртувајќи во лево, а при тоа не отстапувајќи првенствено право на минување на пмв "Рено - 4" и со тоа предизвика сообраќајна несреќа, е учесник во сообраќајот и е сторител на кр.дело 239 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ на РМ и покрај тоа што му било наложено од испитната комисија да навлвзе во раскрсницата.**

**Од образложението**

Во фактичката положба меѓу другото е утврдено дека обвинетиот Ј.Ј. критичниот ден го полагал практичниот дел од возачкиот испит на отворен пат на начин што го управувал пмв "Застава 101" на патот Штип - Куманово, па кога пристигнал на м.в. Кантон каде се издвојува пат за влез кон градот Св. Николе од испитната комисија која била во возилото на обвинетиот му било речено да сврти за Св. Николе. Во тој момент обвинетиот дал лев жмигавец, ја намалил брзината на движењето, а позади него се движело товарно моторно возило, па кога започнал со дејствието на свртување на лево - усмерувајки го возилото према левата коловозна лента, не забележал дека од спротивен правец Куманово - Штип се движело пмв "Рено - 4" управувано од оштетениот С.Ј., поради што дошло до контакт - судир меѓу двете возила на средината на левата коловозна лента - сметано во правец на движење на обвинетиот. Од овој контакт нанесена е лесна телесна повреда на оштетениот, а на возилото пмв "Рено -4" материјална штета. За ваквото дејствие обвинетиот бидејќи постапил спротивно на чл.51 од ЗОБСП е огласен за виновен за кр.дело "Загрозување на безбедноста на сообраќајот" од чл. 239 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ на РМ и осуден на ефективна казна.

Окружниот суд во Штип утврди дека неосновано во жалбата обвинетиот и неговиот бранител се повикуваат дека обвинетиот не е сторител на кр. дело, бидејќи тој не бил возач, затоа што немал возачка дозвола и да во тој момент полагал возачки испит, а да одговорноста била исклучиво на испитната комисија, од причини што обвинетиот е учесник во сообраќајот иако во критичниот момент го полагал практичниот дел од возачкиот испит.

Во чл. 10 т.47 од ЗОБСП е кажано дека "учесник во сообраќајот е лице кое во сообраќајот на патот управува со возило или се наоѓа во возило, или на возило, кој тера, води или јава животно што се движи по патот, како и пешак или лице кое своите работни задачи и работи ги врши на патот. Под изразот учесник во сообраќајот во смисла на овој закон се подразбира и лицето кое на патот се лизга со лизгалки, скии, санки или се вози на ролшуи". Полагањето на практичниот дел на возачкиот испит за управување со моторно возило од "Б" категорија се полага во два дела и тоа првиот дел на уреден простор, а вториот дел се полага откако се положи првиот дел и тоа во населено место со поинтензивен сообраќај, а потоа на отворен пат каде кандидатот за возач треба да покаже дека поседува практично знаење и потребна вештина за безбедно и самостојно управување со возилото. Од тука произлегува дека бидејќи обвинетиот го полагал вториот практичен дел бил оспособен за самостојно управување на возилото и морал и бил должен да ги знае и почитува сообраќајните прописи, па и обврската од чл. 51 од ЗОБСП, па оттука морал да знае дека кога свртува во лево за да навлезе во раскрсницата, а по барање на испитната комисија дека бил должен покрај дадениот жмигавец и намалената брзина да го запре возилото и да го пропушти возилото управувано од оштетениот С.Ј. кој имал првенствено право на минување.

Поради тие правни причини е одлучено како во изреката т.е. е одбиена жалбата како неоснована, а првостепената пресуда во тој дел потврдена.

Пресуда Општински суд Св. Николе К.бр. 94/93 од 25.03.1993 год.

Пресуда Окружен суд Штип КЖ.бр. 258/94 од 14.06.1994 год.

**10. Кога и двајцата возачи не се придржуваат на сообраќајните прописи па дојде до сообраќајна несреќа - во која несреќа неможе да се утврди кои повреди се нанесени поединечно од секое возило, нити од кои повреди настапила смртта на сега покојниот - тогаш и двајцата возачи се виновни и го сториле кривичното дело "Тешко дело против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" од чл. 300 ст.4 во в.в. со чл. 297 ст.3 од КЗ.**

**Од образложението**

Првостепениот суд во фактичката положба меѓу другото утврдил дека обвинетиот Б.Т., управувал критичниот ден ПМВ "Застава 128" со поголема брзина од дозволената - 80 км. на час, а тој управувал со 100 км. на час и со неприлагодена брзина на конкретните услови и состојба на патот - ноќно време, па во моментот кога го намалувал тонот на радиото во возилото, изгубил контрола над возилото, излегол надвор од патот на банкината десна, па нагло свртел во лево излегувајќи од патот во лево, и се превртел во нивата. Притоа сопственикот сега покојниот Н.М. бил излетан од возилото и лежел на левата задна страна до возилото. Потоа обвинетиот Б.Т. со сопственикот М.И. го донеле до банкината на патот, а за тоа време М.И. го запрел автобусот од кои меѓу другите патници излегол и лекарот А.М. за да му укаже помош. Во истиот момент од спротивен правец од движењето на обвинетиот со неговото возило наидувал сведокот В.К. со ПМВ "Застава 101" кој бил запрен од патниците на автобусот, па тој застанал на десната страна од патот на коловозната лента, а во тоа време веднаш по него се движел

второобвинетиот К.В. со ПОМ "Застава 101" кој зозилото го управувал без положен возачки испит, со поголема брзина од дозволената - 80 км. на час, а тој се движел со 87 км. на час и со технички неисправно возило - поради нерамномерно и истовремено кочење на сите точкови, па кога и на него му било дадено знак од сведоците - патниците од автобусот да застане, преземал дејство на кочење, а поради големата брзина и техничката неисправност, возилото се занесува во десно, излегува на десната банкина и удара со задниот десен точок во главата на сега покојниот Н.М. во моментот кога лекарот ја опипал вратната артерија и констатирал дека сеуште има пулс - давал сеуште знаци на живот, по кој удар и покојниот и лекарот биле отфрлени, после кое отфрлање возилото удара во возилото на сведокот В.К. Потоа покојниот бил пренесен во Медицинскиот центар С. каде било утврдено дека веќе била настапила смртта кај сега покојниот.

Од извршената аутопсија ( без обдукција ) од специјалист - патолог , било констатирано дека кај покојниот Н.М. има повеќе повреди - скршеници на кровот и базата на черепот на главата, раздеротини локализирани на местото каде има скршеница на коските на кровот на черепот, нагмечни рани на десната половина на лицето, крвни подливи на брадата и огреботини на екстремитетите. Според мислењето на лекарот - патолог, скршениците на коските на кровот и базата на черепот, биле придружени со надворешно и внатрешно крварење и нагмечување до згмечување на мозочното ткиво, поради кои повреди настапила насилна и брза смрт.

Лекарот - патолог на главниот претрес не можел да каже, нити да разграничи која повреда од кое возило е нанесена - поготово што лекарот А.М. кој бил веднаш на лице место, немал време да утврдува повреди, освен што ја напипал вратната артерија и од која повреда смртта е примарна.

Како не може да се утврди најдените повреди кај покојниот од кое возило се нанесени - дали од возилото кое го управувал првообвинетиот или од возилото кое го управувал второобвинетиот и од која повреда настапила смртта или имаме комбинација на повредите од кои настапила смртта, а со оглед да постои причинско последична врска помеѓу противправните дејствија на обвинетите и смртта на покојниот, затоа правилно и по оценка на овој суд, првостепениот суд ги огласил и двајцата обвинети за виновни за кривичното дело "Тешко дело против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" по чл. 300 ст.4 во в. со чл. 297 ст.3 од КЗ.

Пресуда на Основен суд Струмица К.бр. 399/96 од 23.01.1997 год.

Пресуда на Апелационен суд Штип, Кж. бр. 151/97 од 4.06.1997 год.

**11. Кога воено лице - војник одреден како дежурен на чета и го презел дежурството во 20 часот, а кое траело до 8 часот наредниот ден во времето додека го заменувал неговиот помошник (од 12,00 до 4,30 часот) во 03,00 часот самоволно го напуштил дежурството заминувајќи надвор од единицата - према својот дом, не го сторил кр. дело "Повреда на стражарска патролна или друга служба" од чл. 336 ст. 1 од КЗ, бидејки службата на дежурството не била потешко повредена.**

**Од образложението**

Првостепениот суд правилно утврдил дека обвинетиот со наредба бил одреден да во критичното време обавува служба на дежурен во чета, кое дежурство траело од 20,00 часот до 8,00 часот наредниот ден. Обвинетиот го примил дежурството. Негова задача како дежурен на чета, судот утврдил дека било да после 4,30 часот ги буди војниците од четата, да го организира доручекот, утринската гимнастика, постројувањето на четата. Во 24,00 часот обвинетиот требало да иде на спиење.а за тоа време го заменувал неговиот помошник, па во 03,00 часот обвинетиот самоволно - без да се јави на никој ја напуштил службата на дежурен на чета и заминал за Скопје, а потоа во својот

дом, а во единицата се вратил по 2 дена. Со таквото дејствие на обвинетиот судот утвр дил дека службата на дежурството била потешко загрозена, иако не настапила никаква конкретна последица, бидејќи се работело за апстрактна загрозеност, па затоа обвинетиот го огласил за виновен за кр. дело од чл. 336 ст. 1 од КЗ.

Апелациониот суд во Штип ваквиот став на првостепениот суд не го прифати од следните причини :

Според законскиот опис на кр. дело од чл. 336 ст.1 од КЗ не се бара да постои апстрактна загрозеност, но се бара да поради напуштањето на дежурството од сторителот да настапи конкретна потешка штетна последица за службата, или службата била потешко загрозена. Во самиот законски опис на ова кр. дело не е наведено кога и во кои случаи ќе се смета дека има настапување на потешки штетни последици, или пак службата е потешко загрозена, но е оставено да во секој конкретен случај овие околности се ценат и утврдуваат од страна на судот. Како во конкретниот предмет судот утврдува од доказите дека немало конкретни потешки штетни последици за службата, нити службата потешко била загрозена, затоа овој суд уважувајќи ја жалбата на обвинетиот, а со правилна примена на КЗ и ЗКП ја преиначи пресудата и обвинетиот ослободи од обвинение, а врз основа на чл. 377, а в.в. со чл. 342 т.1 ос ЗКП.

Пресуда Основен суд Штип К.бр. 128/97 од 2.11.1997 год.

Пресуда Апелационен суд Штип КЖ. бр. 361/97 од 7.11.1997 год.

**По закажување на главен претрес во скратена постапка судот по службена должност не може да се огласи за месно ненадлежен.**

**Од образложението**

Основниот Јавен обвинител од Д. поднел до Основниот суд во Д. обвинителен предлог против Б.С. и С.С. од с.Д. за кр. дело "Лесна телесна повреда" од чл 44 ст. 2 од КЗ на РМ.

Судот закажал главни претреси на ден 25.11.1996, 20.05.1997 и 27.06. 1997 год., кои не можел да ги одржи поради недоаѓање на странките. Затоа судот на 27.06.1997 год. донел Решение К.бр. 99/96 со кое се огласува за месно ненадлежен и по правосилноста на Решението предметот со сите списи го доставил на надлежност на Основниот суд во В.

Основниот суд во В. по добивањето на предметот утврдува дека не е месно надлежен, па поведува постапка за решавање на судирот на надлежноста до Апелавиониот суд Штип.

Апелациониот суд - Штип уважувајќи го предлогот на Основниот суд во В. за месно надлежен суд го одреди Основниот суд во Д. од следните причини :

Во чл. 423 ст. 2 од ЗКП е кажано дека " по закажувањето на главниот претрес не може по службена должност да се огласи за месно ненадлежен".

Од тука бидвјќи Основниот суд во Д. закажал три претреси не може т.е. не е дозволено да се огласи месно ненадлежен за постапување по поднесениот обвинителен предлог од ОЈО против обвинетите за кр. дело "Лесна телесна повреда" од чл. 44 ст.2 од КЗ на РМ.

Според чл. 427 од ЗКП странките можат да истакнат приговор на месната надлежност најдоцна до почетокот на главниот претрес.

Како во конкретниот предмет нема приговор на месната надлежност од странките, но судот по службена должност се огласува за мено ненадлежен, затоа овој суд врз основа на чл. 423 ст.2 и чл.35 од ЗКП одлучи како во изреката.

Решение Апелационен суд Штип К.бр. 1/97 од 22.10.1997 год.

**Директорот на Казнено поправниот дом има законско право да поднесе предлог за условен отпуст во корист на осудениот, но на истиот не му е дозволено да изјави жалба против Решението на судот со кое е одбиен предлогот како неоснован.**

**Од образложението**

Директорот на КПД "Идризово" - Скопје поднел предлог за условен отпуст на осудениот Ј.А. од с. Т. за кр. дело "Убиство" од чл. 37 ст.2 т. 4 од КЗ на РМ.

По поднесениот предлог Основниот суд К. донел Решение УОПК. бр. 1/97 од 25.08.1997 год. со кое предлогот за условен отпуст го одбил како неоснован.

Против ваквото решение на судот Директорот на КПД "Идризово" поднел жалба.

Апелациониот суд - Штип одлучувајќи по жалбата истата ја отфрли како недозволена од следните причини :

Во чл. 198 ст. 2 од Законот за извршување на санкциите ( Сл. весник на РМ бр. 3/97 од 24.01.1997) е кажано дека "предлог за отпуштање на осудено лице по основ на условен отпуст може да поднесе и директорот на установата".

Во чл. 203 од Законот за извршување на санкциите е кажано " против Решението со кое е одбиена молбата или предлогот за условен отпуст, осуденото лице има право на жалба во рок од 8 дена до повисокиот суд*. Токму од ова законска одредба произлегува дека директорот на КПД "Идризово" нема право да поднесува жалба против Решението со кое е одбиен предлогот за условен отпуст - а тоа право е дозволено само лично на осуденото лице, и затоа овој суд поднесената жалба од директорот ја отфрли како недозволена, согласно чл.203 одЗИС.

Решение на Апелационен суд Штип КЖ.бр. 318/97 од 30.09.1997 год.

## КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**1. По донесено правосилно Решение за спроведување на истрага против обвинет за кр. дело "Проневера" од чл.178 ст. 3 од КЗ на РМ, истражниот судија не може да изјавува неслагање за спроведување на истрага со барањето за спроведување на истрага поднесено од Општинскиот Јавен Обвинител, поради влегување во сила на новиот КЗ ( објавен во Сл. Весник на РМ бр. 37/96 од 29.07.1996, а со важност од 1.11.1996 ).**

**Од образложението**

Кривичниот совет на Основниот суд - Штип со Решение К.бр. 15/97 од 20.05.1997 год. барањето за спроведување на истрага поднесено од ОЈО – Штип К.бр. 149/96 од 13.06.1996 год. против Д.В. од П. за кр. дело "Проневера" од чл. 178 ст. 2 од КЗ на РМ го одбива - а по изразено неслагање на Истражниот судија за спроведување на истрага - свое образложение дека поради стапувањето во сила на новиот КЗ од 1.11.1996 год. дека кр. дело "Проневера" е предвидено како ново кр. дело "Затајување" од чл. 239 ст. 1 и 3 од КЗ - за кое дело гонењето се превзема по предлог на оштетениот - а таков предлог не постоел.

Ваквиот став на првостепениот суд, овој суд го оцени како неправилен, а од гледните причини :

Општинскиот Јавен Обвинител бил овластен да поднесе барање за спроведување на истрага против обвинетиот Д.В. од П., за кр. дело

"Проневера" од чл. 178 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ на РМ, а врз основа на чл. 158 од ЗКП, а кое барање истражниот судија го прифатил со донесување на Решение за спроведување на истрага Ки. бр. 75/96 од 29.01.1997 год.

По донесеното правосилно решение за спроведување на истрага, Истражниот судија според ЗКП не може да изрази неслагање за спроведување на истрага - но ја спроведува истрагата сам непосредно.

Доколку во текот на истрагата се јават нови моменти како по однос на кр. дело, така и по однос на обвинетиот, а кои околности битно отстапуваат од оние содржани во Решението за спроведување на истрага, во тој случај истражниот судија е должен да го извести Јавниот Обвинител кој единствено е овластен да дава нови предлози адекватни на новата фактичка ситуација.

Доколку пак истражниот судија во текот на истрагата најде дека постојат причини за запирање на истрагата може согласно чл. 164 од ЗКП да го извести ЈО, кој во рок од 8 дена ако не го извести истражниот судија дека се откажува од гонењето, ќе пооара од кривичниот совет да одлучи за запирање на истрагата.

Од изнесените причини Решението на Кривичниот совет на првостепениот суд е незаконито и затоа следуваше да се жалбата на ОЈО уважи и решението укине согласно чл. 385 од ЗКП.

Решение Апелационен суд Штип КЖ. бр. 271/97 од 23.09.1997 год.

**2. Приватниот тужител кога се откаже од поднесената приватна тужба, било да е тоа по писмен пат или премолчно, тогаш тој го губи правото на повторно поднесување на приватна тужба против ист сторител и заисто кривично дело.**

**Од образложението**

Приватниот тужител С.А. од с. И. преку својот полномошник адвокат Б.Д. поднел приватна тужба против обвинетите Д.Г. и Б.Г. од с.И. за кр. дело "Навреда" по чл. 85 ст. 1 од КЗ на РМ на ден 10.11.1993 год.

На закажаните претреси од 10.12.1993 год. и 30.12.1993 год. приватниот тужител не се јавил и не го оправдал својот изостанок, иако бил уредно повикан, па првостепениот суд донел Решение К.бр. 277/93 од 30.12.1993 год. со кое ја запрел постапката и кое решение станало правосилно.

На ден 27.01.1994 год. приватниот тужител С.А. од с.И. поднесува нова - втора приватна тужба против обвинетите Д.Г. и Б.Г. од с.И. и тоа за истиот кривичноправен настан - како што е опишан и во тужбата заведена под К.бр. 277/93 и за истото дело - "Навреда" од чл. 85 ст.1 од КЗ на РМ.

Првостепениот суд со решение К.бр. 25/94 од 16.03.1994 год. ја отфрлил како неблаговремено втората поднесена тужба од тужителот С.А., а врз основа на чл.52 ст.1 од ЗКП.

Окружниот суд во Штип по повод на жалбата на тужителот, а по службена должност го преиначи решението и ја отфрли како недозволена поднесената втора тужба врз основа на чл. 436, а в.в. со чл. 57одЗКП, од причина што новата тужба е за ист кривичноправен настан и против ист обвинет и за исто дело, а согласно чл. 57 од ЗКП кога приватниот тужител се откаже од приватната тужба било писмено или премолчно, во тој случај тој го губи правото на повторно поднесување на приватна тужба против ист сторител и за исто дело.

Решение Општински суд Радовиш К.бр. 25/94 од 16.03.1994 год.

Решение Окружен суд Штип КЖ. бр. 328/94 од 7.06.1994 год.

**3. Месната Заедница во с.Б. не е оштетена и не може да се јави во својство на супсидиерен тужител во смисла на чл. 60 од ЗКП за кривично дело "Повреда на слободата за определување на избирачите" по чл. 71 ст.1 од КЗ на РМ.**

**Од образложението**

Својството на оштетен во кривичната постапка е определено во чл. 147 ст. 6 од ЗКП, каде е кажано дека оштетен е лице чие што некакво лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело.

Објект на заштита кај кривично дело "Повреда на слободата за определување на избирачите" по чл. 71 ст.1 од КЗ на РМ (чл. 160 ст.1 КЗ ) е слободното вршење правото на гласање на граѓаните, односно заштита на слободното одлучување на гласачот дали и како ке го користи своето гласачко право.

Во конкретниот предмет Собранието на ЗЗ "М.П." од с. Б., донело Одлука вработените во задругата да не гласаат на референдумот распишан од Месната Заедница од с.Б.

Со ваквата одлука на Земјоделската Задруга повредени се правата на вработените во задругата и само тие - сега обвинетите ДД; ЉА; ДС; СА; БС; БЕ; ПГ; КА; ПА; СС; ЉС; сите од с.Б. можат да се ј ават како оштетени, бидејќи Референдумот е начин на лично изјаснување на работните луѓе и граѓаните и да докажуваат дека некој со сила или закана ги натерал да го бојкотираат референдумот.

Бидејќи М.З. од с.Б. не е оштетена затоа истата не може да се јави како супсидиерен тужител во смисла на чл. 60 од ЗКП за кривично дело 'Повреда на слободата за определување на избирачите" од чл. 71 ст.1 од КЗ на РМ, затоа што не е повредено нејзиното лично или имотно право, но се повредени личните права на вработените во ЗЗ "М.П.".

Решение - Општински суд Кочани - Судско одделение Виница К.бр. 62/93 од 31.01.1994 год.

Решение - Окружен суд Штип КЖбр. 138/94 од 23.03.1994 год.

## ПРЕКРШОЦИ

**1. Поднесувањето на барањето за поведување прекршочна постапка за сторен прекршок по чл. 145 ст. 1 т. 11 и по ст. 1 т. 3 од ЗРО од Републичкиот инспектор на труд - подрачна единица - П., не е условено да претходно инспекторот за труд да мора да донесе Решение со кое ќе се нареди на сторителот во определен рок да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.**

**Од образложението**

Со обжаленото решение Основниот суд ги отфрлил барањата за поведување на прекршочна постапка на Републичкиот инспектор за труд - ПЕ - Пробиштип, затоа што не постоеле услови за поведување на прекршочна постапка, односно дека барањата ги поднел неовластен орган, а за сторени прекршоци по чл. 145 ст. 1 т. 3 и чл. 145 ст. 1 т. 11 од Законот за работни односи - а врз основа на чл. 137 ст. 2т. 4од ЗП.

Ставот на Апелациониот суд во Штип е дека :

Републичкиот инспектор за труд ПЕ - Пробиштип е овластен орган за поднесување барање за поведување на прекршочна постапка - кое овластување произлегува од чл. 1 од Законот за инспекција на трудот (Сл. весник на РМ бр. 31/85, 51/88, 23/90; 17/91 и 32/93 ), како и од чл. 139 ст. 1 и 2 од Законот за работни односи (Сл. весник на Рм 6р. 80/93 и 14/95 ).

Во член 29 од Законот за инспекција на трудот, се вели : " ако повредата на Законот, прописот и актот претставува прекршок или кривично дело, односно стопански престап, инспекторот за труд е должен да поднесе барање, односно пријава за покренување на соодветна постапка". Додека пак во чл. 141 од Законот за работните односи, како и од чл. 16 од Законот за инспекција на трудот се вели : "ако инспекторот на трудот утврди повреда на Законот и другите прописи и општи акти, на чија примена врши инспекциски надзор, во Решението ќе нареди во определен рок да се отстранат утврдените неправилности или недостатоци". Од ваквите законски одредби, произлегува дека инспекторот за труд има дискреционо право во вршењето на инспекцискиот надзор, дали ќе поднесе пријава или барање за поведување постапка или пак ќе донесе Решение да во определен рок се отстранат неправилностите и недостатоците, меѓутоа во таа оценка, не постои никаква претходна условеност за донесување на Решение за отстранување на неправилностите и недостатоците. По мислењето на овој суд, таквото Решение има превентивен карактер према работодавците и непостапување по таквото Решение, претставува исто така прекршок по чл. 146 т. 10 од Законот за работните односи.

Затоа следуваше да се жалбата уважи, Решението укине и врати на повторно одлучување на првостепениот суд, согласно чл. 218 од ЗП.

Решение Основен суд Свети Николе, Пр. бр. 3355/96 од 5.11.1996 год.

Решение на Апелационен суд Штип, КПЖ. 6р.1966/96 од 24.02.1997 г.

# ГРАЃАНСКО ПРАВО

## ПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

**1. Недостатокот на стварна лвгитимација не претставува процесна пречка, па во случај на недостаток на пасивна или активна легитимација, мериторно се одлучува со пресуда или во спор за нарушено владение со решение.**

**Образложение**

Основниот суд со решение П.бр. 1165796 од 31.03.1997 год. Приговорот на тужената М.Д. нема пасивна легитимација, го отфрлил. Тоа решение го донел претседателот на советот на подготвително рочиште.

Меѓутоа, претседателот на советот е овластен да ги донесува решенијата предвидено во чл.278, чл.282 и чл.288 од ЗПП, а не и да одлучува за стварната легитимација. Стварната легитимација претставува материјално правен однос на странката према предметот на спорот. Тоа зависи од материјалното право кое се применува на определена фактичка состојба. Недостатокот на стварната легитимација не претставува процесна пречка, па во случај на недостаток на пасивна или активна легитимација мериторно се одлучува со пресуда или во спор за нарушено владение со решение.

Поради тоа, а согласно чл. 380 ст. 1 т. 3 од ЗПП, решението на Основниот суд е укинато и предметот вратен на повторно разгледување и одлучување.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гж. бр. 796/97 од 24.09.1997 г.

**2. Министерството за внатрешни работи на РМ не може да биде странка во постапката, туку странка во постапката може да биде Република Македонија.**

**Образложение**

Во постапката пред првостепениот суд учествувала странка која не може да биде странка во постапката. Согласно чл. 77 од ЗПП, странка во постапката може да биде секое физичко и правно лице. Во конкретниот случај , како тужен е наведено министерството за внатрешни работи на РМ, кое нема својство на правно лице и во правниот промет не може да учествува како носител на права и обврски. Министерството е орган на Републиката, која го финансира, па странка може да биде Република Македонија, застапувана од Републичкиот јавен правобранител согласно чл. 42 од Законот за јавно правобранителство.

Согласно чл. 82 од ЗПП, во текот на целата постапка судот по службена должност внимава дали лицето кое се појавува како странка може да 6иде странка во постапката. Бидејќи тужениот Министерство за внатрешни работи не може да биде странка во постапката, првостепениот суд требало да ја смета тужбата како неуредна и да постапи во смисол на чл. 109 од ЗПП.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гж.бр. 646/97 од 22.05.1997 г.

**3. Деловите на Друштвото за осигурување и реосигурување немаат својство на правно лице, но со статутот на друштвото може да им се пренесе во надлежност вршење определени работи и да им се дадат определени овластувања во правниот промет.**

**Образложение**

Во постапката пред првостепениот суд како тужител се јави АД за осигурување и реосигурување "М." - Скопје Самостојна филијала Кочани, па тужбата е поднесена од филијалата во Кочани. Во чл. 27 ст. 1 од Законот за осигурување на имот и лица (Службен весник на РМ бр. 49/93) е предвиде но дека друштвото за осигурување е правно лице со права, обврски ои одговорности утврдени со закон и одлуката, односно договорот за основање. Во ст. 2 од истиот член е предвидено дека деловите на друштвото за осигурување немаат својство на правно лице, но со статут на друштвото може да им се пренесе во надлежност вршење определени работи и да им се дадат определени овластувања во правниот промет. Во чл. 28 од истиот закон е предвидено дека во судскиот регистар се запишуваат и деловите на друштвото за осигурување кои имаат определени овластувања во правниот промет.

Согласно чл. 82 од ЗПП, во текот на целата постапка судот по службена должност внимава дали лицето кое се појавува како странка може да биде странка во постапката. Бидејќи тужителот АД за осигурување и реосигурување "М." - Скопје - Самостојна филијала Кочани може да биде странка во постапката, првостепениот суд требало да ја смета тужбата како неуредна и да постали во смисол на чл. 109 од ЗПП.

Решение на Апелационен суд во Штип Гж.бр. 1136/97 од 10.10.1997 г.

**4. ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон, а такво својство немаат подрачните единици.**

**Образложение**

Во заведениот спор тужител е ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Подрачна единица Струмица, тужбата е заведена со печат на подрачната единица Струмица а исто така и овластувањето за застапување на полномошникот е издадено од подрачната единица, па судот во смисол на чл. 82 од ЗПП, трбало да утврди дали подрачната единица може да биде странка во спорот.

Со Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (Службен весник бр. 2.94), се уредува стопанисувањето со станбени згради, станови, деловни згради и деловни простории, на кои право на користење, управување и располагање има Република Македонија. Во чл. 2 од тој закон стои : "јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон", а во чл. 3 стои : "седиште на јавното претпријатие е во Скопје". Према чл. 4 од истиот закон, јавното претпријатие работи под фирма Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија. Согласно наведените одредби од законот, својствата на правно лице има или јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ, а такво својство нема подрачната единица во Струмица.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гж.бр. 1296/96 од 25.12.1996 г.

**5. Во постапката во стопанскитв спорови судија повдинвц суди ако врдноста на предметот на спорот не преминува 150,00 двнари и во споровите за плаќање на камата без оглед на вредноста на предметот на спорот.**

**Образложение**

Неосновани се жалбените наводи на жалителот дека судот при донесувањето на првостепената пресуда сторил суштествена повреда на одредбите од процесната постапка од чл. 354 ст. 2 т. 1 од ЗПП, затоа што судот бил непрописно составен односно судел судија поединец а требало да се суди во совет.

Првостепениот суд утврдил дека тужениот долгот по фактурите наведени во утужената каматна листа ги платил со закаснување, за кој период тужителот составил каматна листа на износ од 1.505,00 денари, кој износ тужениот поднел тужба за наплата на пресметаната камата поради закаснето плаќање на главниот долг по фактурите.

Согласно чл. 494 ст. 1 од ЗПП (чл. 52 ст. 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за процесна постапка) во постапката во стопанските спорови судијата поединец суди ако вредноста на предметот на спорот не преминува 150,00 денари и во споровите за плаќање на камата, без оглед на вредноста на предметот на спорот. Бидејќи се работи за слор за плаќање на пресметана камата првостепениот суд не ја сторил погоре наведената суштествена повреда.

Решение на Апелациониот суд во Штип ССЖ.бр.315/96 од 05.11.1996г.

**6. Спорот на нарушено владвние не произлегува од меѓусебните стопански односи, па не можат да се применат правилата за постапката во стопанските спорови.**

**Образложение**

Основниот суд во Кочани со решение се огласил за месно ненадлежен за постапување по тужбата на тужителот "Б. Б" ГМБХ со седиште во СР Германија против тужените ППС "С" с. Зрновци, С.А. од с. Зрновци и Х.Р. со место на живеење во Виница, за нарушено владение. Одлучил по правосилноста на решението предметот со сите списи да се отстапи на месно надлежниот Основен суд Виница согласно чл. 56 ст. 1 од ЗПП.

Тужителот поднесе жалба со наводи дека месно надлежен суд бил Основниот суд во Кочани, а не Основниот суд во Виница.

Жалбените наводи се неосновани. Согласно чл. 490 од ЗПП, правилата за постапката во стопанските спорови се применуваа и во споровите помеѓу лицата од чл. 489 т. 1 на тој закон и странски физички и правну лица, што произлегуваат од нивните мегусебни стопански односи, како и во такви меѓусебни спорови на странски физички или правни лица.

Спорот за нарушено владение не е стопански спор во смисол на чл. 25 од ЗОО и не произлегува од меѓусебните стопански однси, па неможат да се применат правилата за постапката во стопанските спорови.

Према чл. 56 ст. 1 од ЗПП , за судење во спорови поради смеќавање на посед на недвижност исклучиво е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста па како недвижноста се наоѓа на подрачјето на Основниот суд во Виница, месно надлежен е тој суд.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гсж.бр. 196/97 од 29.09.1997 г.

**7. Судот е апсолутно ненадлежен да одлучува за укинување на службеност на канализационен и водоводен приклучок за истек на фекалните води и довод на вода до семејната станбена зграда изградена према урбанистички план.**

**Образложение**

Со побиваната пресуда првостепениот суд ја укинал службеноста на канализациониот и водоводниот приклучок за истек на фекалните води и довод на вода до семејната станоена зграда изградена према урбанистичкиот план на Општина Струмица.

По мислење на овој суд Основниот суд во Струмица е алсолутно ненадлежен да одлучува по поставеното тужбено оарање од страна на тужителот С.Т. од Струмица против тучените Б.Ј. и В. Ј. од Струмица.

Имено, согласно чл. 1 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ 6р. 10/79 ) кој е именет со чл. 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр. 21/91) се уредуваат условите и постапката за определување, доделување, користење и правата врз градежното земјиште. Под користење на градежно земјиште во смисла на тој закон, се подразбира уредувањето и употребата на градежното земјиште. Према чл. 27 од Законот за градежно земјиште, кој член исто така е изменет со погоре наведениот закон, Општината го определува начинот на организирањето и вршењето на работите на уредување и употреба на градежното земјиште (јавно претпријатие или орган ). Према чл. 39 од Законот за градежно земјиште изменет со чл. 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на програма. Програмата., согласно чл. 40 од Законот за градежно земјиште, покрај останатото наведено во тој член, го содржи и обемот на уредувањето и степенот на опремувањето со комунални објекти и инсталации.

Со чл. 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на РМ бр. 4/96 ) е регулирано дека со просторните пласнови подетално се планира уредувањето и користењето на просторот на Општината и дека просторните планови покрај останатото ја содржат и просторната разместеност на сооораќајна и друга инфраструктура во коЈа инфраструктура согласно чл. 5 ст. 1 т. 5 од истиот закон спаѓа и водоводот и канализацијата. Согласно чл.17 од Законот за локалната самоуправа, единиците на локакната самоуправа го уредуваат и организираат градењето и одржувањето на инфраструктурните објекти од локално значение во согласност со закон и го уредуваат и организират снабдувањето со вода за пиење и одведувањето на отпасдните и атмосферските води во согласност со закон.

Согласно чл. 2 од Законот за комунални дејности, вршењето на комуналните дејности е од јавен интерес, а према чл. 7 од истиот закон Општината е должна да донесе одлука за комуналрн ре и мерки за нејзини спроведување. Под комунален ред се подразбира поблиско уредување нја односите и начинот на вршење комуналните дејности, меѓу корисниците и даватели на услуги.

Од погоре наведеното произлегува дека во конкретниот случај не може да се примени Законот за основните сопственосно правни односи, туку погоре наведените одредби иод кои јасно произџлегува дека одлучувањето за просторната разместенос на водоводната и канакизационата мрежа не спаѓа во судска надлвжност.

Поради наведеното овој суд ја укина првостепената пресуда согласно

чл. 369 ст. 2 од ЗПП. а во врска со чл. 16 од ЗПП, па бидејќи одлучувањето по барањето на тужителот не спаѓа во судска надлежност, Ја отфрли тужбата поради алсолутна ненадлежност на Основниот суд да одлучува по тужбата на тужителот.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гжбр.776/97 од 24.09.1997 г.

**8. Согласно одредбите од чл. 8 и 168 ст. 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, странична способност има Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а не неговите подрачни единици.**

**Образложение**

Основниот суд со пресуда П.бр. 33/97 од 30.06.1997 година, тужбеното барање на тужителката го уважил. Го задолжил тужениот Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија - Подрачна единица Св. Николе на тужителката по основ на камата поради закаснета исплата на паричен надоместок поради помала плата износ од 10.920,50 денари со процесна Законска затезна камата сметано од денот на поднесувањето на тужбата, па до исплатата како и процесните трошоци.

Незадоволен од ваквата пресуда тужениот поднел жалба поради суштествена повреда на одредбите од ЗПП во смисла на чл. 354 ст. 2 т. 10, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи на тужениот дека првостепениот суд сторил суштествена повреда во смисла на чл. 354 ст. 2 т. 10 од ЗПП.

Имено, првостепениот суд прифатил дека подрачната единица во Св. Николе на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија може да биде странка во постапката доставувајќи и тужба покана за главна расправа и задолжувајќи ја со обжалената пресуда на тужителката на име камата да и ја плати сумата во износ од 10.920,50 денари со процесна камата од поднесувањето на тужбата па до исплатата со процесни трошоци без претходно да утврди дали Подрачната единица може да биде странка во постапката во смисла на чл. 77 од ЗПП за кое внимава по службена должност согласно одредбата од чл. 82 од ЗПП.

Согласно одредбата од чл. 8 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување "Средствата за пензиско и инвалидско осигурување и правата од пензиско и инвалидско осигурување се обезбедуваат односно се остваруваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Фондот има својство на правно лице". Согласно одредоата од чл. 168 ст.2 од истиот Закон "За вршење на работите од ст. 1 на овој член Фондот образува единствена стручна служба со подрачни единици во општините“.

Од погоре цитираните законски одредби произлегува дека странечна способност има Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а не неговите подрачни единици и стручни служби.

Решение на Апелациониот суд во Штип, Гжбр.978/97 од 23.09.1997 г.

**9. Судовите се апсолутно ненадлежни да постапуваат и одлучуваат во спорови поведени од Република Македонија против физичко лице за надомест на трошоци направени при рушење на безправно изграден објект.**

**Образложение**

Од содржината на тужбата произлегува дека на ден 10.07.1996 год. на тужениот е срушен безправно изграден објект, поради што биле направени трошоци од 8.460,00 денари, па врз основа на чл. 113,115 и 212 од Законот за општа управна постапка е донесен заклучок за надомест на трошоци за присилно и административно извршување.

Основниот суд вака поставеното тужбено барање го уважил во целост.

Апелациониот суд смета дека при донесувањето на побиваната пресуда првостепениот суд сторил суштествена повреда од чл. 354 ст. 2 т. 3 од ЗПП а в.в. со член 16 од ЗПП. Ваква повреда постои кога судот одлучува за барање кое не слаѓа во надлежност на судот. Во одредбата од чл. 16 од ЗПП е предвидено дека судот во текот на целата постапка по службена должност внимава дали решавањето на спорот спаѓа во судска надлежност.

Во чл. 283 ст. 2 од Законот за општа управна постапка е предвидено дека решението донесено во управна постапка за парични побарувања, што содржи потврда на извршност е основ за судско извршување и истото се спроведува според прописите што важат за судското извршување.

Решение на Апелациониот суд во Штип.

**10. Кога предлогот за определување на привреиена иерка согласно чл. 442 од ЗПП е одбиен, против таквото решение странките имаат право на жалба.**

**Образложение**

Предлогот на тужителот за спроведување на привремена мерка согпасно чл. 442 од ЗПП, првостепениот суд го одбил како неоснован, а при тоа во правната поука истакнал дека против ваквото решенив не е дозволена посебна жалба.

Ваквото толкување на чл. 442 од ЗПП од првостепениот суд е погрешно.

Имено, согласно чл. 442 од ЗПП, во текот на постапката судот може по службена должност и без сослушување на противната странка да определи привремени мерки што се применуваат во извршната постапка заради одстранување на итна опасност од противправно оштетување или спречување насилство, или отстранување на ненадоместлива штета. Против ова решение не е дозволена посебна мерка.

Од овој член произлегува дека до колку судот го уважил предлогот за определување на привремена мерка во споровите за смеќавање на посед, само против таквото решение не е дозволена посебна жалба.

Против решението со кое е одбиен предлогот за обезбедување на привремена мерка странките имаат право на жалба согласно чл. 378 ст. 1 од ЗПП, којгласи, против решение на првостепениот суд е дозволвна жалба, ако во овој Закон не е определено дека жалбата не е дозволена.

Пресуда на Апелационен суд во Штип ГЖ. бр. 474/97 од 15.04.1997 г.

**11. Кога во текот на редовната постапка судот во смисла на чл. 98 ст. 4 од ЗПП, не утврдил дека лицето што се појавува како полномошник не е овластено од тужениот да го застапува, ниту пак се укинати процесните дејствија превземени од тоа лице, па и доколку вредноста на спорот преминува 2.500,00 денари, а правното лице било застапувано од полномошник без положен правосуден испит, не иоже да представува причина за отфрлање на ревизијата како недозволвна од страна на**

**првостепениот суд.**

**Од образложението**

Првостепениот суд со свое решение, ревизијата изјавена од тужениот против второстепената пресуда ја отсррлил како недозволена.

Апелациониот суд во Штип, жалбата на тужениот ја уважи и донесеното решение го укина од следните причини :

Од списите во предметот произлегува дека сите процесни дејствија во текот на постапката пред првостепениот суд се превземени од исто лице, како полномошник на туженото правно лице. Ревизијата изјавена од тужениот исто така видно е дека е потпишана од истото лице, кое работи кај тужениот, а стои и печат на тужениот.

Во текот на редовната постапка, судот во согласност со чл. 98 ст.4 од ЗПП, не утврдил дека лицето што се појавува како полномошник не е овластено од тужениот за да го застапува, ниту пак се укинати процесните дејствија превземени од тоа лице. Самиот факт што тужената страна во спорот ја застапувало лице без положен правосуден испит, по мислењето на овој суд не е причина за отфрлање на ревизијата, како недозволена од страна на првостепениот суд. Поради тоа, основани се жалбените наводи на жалителот да првостепениот суд донесувајќи го побиваното решение сторил суштествена повреда од чл. 354 ст.1 во врска со чл. 390 ст. 1 и ст. 3 од ЗПП, на која што укажува жалителот.

При една ваква состојоа, ревизискиот суд е тој што треба да одлучува по изјавената ревизија, а тоа произлегува од чл. 394 ст. 3 од ЗПП, каде е пропишано "ако во постапката пред првостепениот или второстепениот суд била сторена повреда од чл. 354 ст. 2 т. 10 од ЗПП, ревизискиот суд со оглед на прирородата на повредата ќе постапи према одредбите од ст. 1 или ст. 2 на овој член.

Затоа, претседателот на советот на првостепениот суд ќе треба примерок од ревизијата да достави до противната странка и на јавниот обвинител, надлежен за подигање на барање на заштита на законитоста и по приемот на одговорот на ревизијата ако е поднесен, со сите списи да го достави на ревизискиот суд преку второстепениот суд - чл. 390 од ЗПП.

Решение на Апелационен суд - Штип, ГСЖ. бр. 5/97

**12. Директорот на правното лице не е активно легитимиран за поднесување предлог за определување на привремена мерка даму бидат предадени печатите, штембилите, работните простории и опремата за производство доколку тие се во сопстввност и владение на правното лице. Тој истите ги користи како детентор, во име и за сметка на правното лице како негов законски застапник, во смисла на чл. 71 од Законот за основните сопственосноправни односи.**

**Образложение**

Основниот суд со решение Р. бр. 983/97 од 25.09.1997 година, предло гот за издавање на привремена мерка на предлагачот го уважил. Го задолжил противникот веднаш по добивањето на решението да му го предаде на предлагачот службениот печат и штембил од претпријатието "Ф." како и да ја запечати деловната просторија во која што била сместена опремата за производство на тоалетна хартија, која се наоѓала на ул. "Стојан Милевски" бр. 1 во Штип и да му ги предаде клучевите на предлагачот.

Незадоволен од ваквото решение противникот поднел жалба меѓу другото и поради суштествена повреда на одредбите од ЗПП во смисла на

чл. 354 ст. 2 т. 13.

Жалбата е основана.

Во обжаленото решение не се наведуваат причините за решителните факти. Имено, согласно одредбата од чл. 267 од ЗПП привремена мерка за обезбедување на непарично побарување може да се определи ако се исполнети следните услови : ако доверителот го сторил веројатно постоењето на побарување и опасност дека инаку остварувањето на побарувањето ќе се осуети или значително отежне. Привремена мерка може да се определи и кога доверителот стори веројатно дека мерката е потребна за да се спречи употреба на сила или настанување на ненадоместлива штета.

Во конкретниов случај, првоствпениот суд ја определил привремената мерка од причини што од увидот во судскиот регистар утврдил дека како директор на правното лице бил упишан предлагачот на ден 18.09.1997 година вместо поранешниот директор - противникот.

Причините наведени во образложението од обжаленото решение се недоволни за определување на привремена мерка.

Првостепениот суд не навел причини по однос на прашањето дали директорот е активно легитимиран да поднесува првдлог за определување на привремена мерка. Дали се исполнети условите за определување на привремена мерка предвидени во погоре цитираната законска одредба, во смисла кога штета ќв биде поголема - дали со неработењето со опремата или пак со нејзина нормална работа и дали со тоа ќе настане ненадоместлива штета. Не утврдил дали деловната просторија и опрвмата која била сместена во нва се средства на правното лице, кои се основачи на правното лице, во што се состојат и колкави се нивните удели.

При повторното судење, првостепениот суд потребно е да има во предвид дека директорот на правното лице не е активно легитимиран за поднесување на предлог за издавање на привремена мерка за предавање на печати, штембили, опрема, работни простории и с.л. до колку тие се во сопственост и владение на правното лице. Директорот истите ги користи како детентор во име и за сметка на правното лице како негов законски застапник во смисла на чл.71 од Законот за основните сопственсно правни односи.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гж.бр. 1218/97 од 13.11.1997 г.

**13. Пресудена работа постои кога побарувањето се однесува помеѓу исти странки со ист правен основ и иста фактичка состојба без оглед на тоа што во претходниот предмет сега тужителот бил тужен, а сега тужениот бил тужител.**

**Образложение**

Основниот суд со пресуда Пст.бр. 236/97 од 25.06.1997 година, тужбеното барање на тужителот ПТП Т.П. - Св. Николе према тужениот ДОО Т. - Св. Николе го уважил. Го задолжил тужениот да му плати на тужителот износ од 74.745,50 денари на име неосновано збогатување од кои 10.585,00 денари на име главен долг со кјамата согласно Законот за височаста на стапката на затезната камата сметано од 10.11.1993 година до исплатата, износ од 64.160,50 денари на име пресметана затезна камата, со процесна камата согласно Законот за висината на стапката на затезна камата сметано од 07.04.1994 година до исплатата, како да плати и износ од 29.230,00 денари на име трошоци во постапката.

Незадоволен од ваквата пресуда тужениот поднел жалба поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи на тужениот за погрешно и нецелосно

утврдена фактичка состојба.

Имено, првостепениот суд утврдил дека тужителот и тужениот стапиле во должничкодоверителски односи, па врз основа на порачка - изјава бр. 6/93 издадена од купувачот ПТП Т.П.- Св. Николе, продавачот ДОО Т. - Св. Николе му издал на лицето Т. М. преку испратница бр. 398 од 17.02 1993 година 1950бројa сокови од праски и 1890 броја сокови од кајсии со поединечна цена од 3,75 денари или вкупно 14.400,00 денари. При приемот на испратницата се потпишал Т.М. како законски застапник на ПТП Т.П. - Св. Николе. За испорачаната количина на сокови продавачот на купувачот му доставил ср-ра бр. 05 - 0022 со датум на издавање од 17.02.1993 година на вкупен износ од 17.410,00 денари. Утврдил дека при превземањето на соковите била усно договорена комисиона продажоа помеѓу тогашниот директор на продавачот - сведокот Т.П.1 и сега тужителот Т.П. Утврдил дека при превземањето на соковите на двн 17.02.1993 година купувачот сега тужителот знаел дека превзема сокови на комисиона продажба со краен рок наупотребадо 24.02.1993 година на соковите од кајсии и 09.03.1993 година на соковитв од праски. Бидејќи купувачот, сега тужителот соковите не ги продал, а постоела опасност да помине рокот за употреба, го известил продавачот сега тужениот да си ги поврати соковите, но наместо да ги подигне соковите тужениот поднел предлог за извршување против сега тужителот и со решение И. бр. 6060/93 од10.11.1993 година на Окружниот стопански суд во Штип ја напластил ф-ра бр. 05 - 0022 на вкупен износ од 101.774,50 денари од кои 14.410,00 денари на име главница и 87.364,00 денари на име камата.

Фактичката состојба утврдена од првостепениот суд е погрешна и нецелосна од причини што не се угврдени фактите дали помеѓу странките не постои пресудена работа на која се повикувал тужвниот како во делот на главната расправа така и во жалбата. Првостепениот суд извршил увид во извршениот предмет на Окружниот стопански суд - Штип И.бр. 6060/93 и утврдил двка тужениот поднел предлог за присилно извршување по кој судот донел решение од 10.11.1993 година врз основа на која тужениот го наплатил своето побарување по ф-ра бр. 05-0022 од 17.02.1993 година во вкупен износ од 101.774,50 денари, меѓутоа не утврдил дали побарувањето на тужениот во предметот И. бр. 6060/93 и побарувањето на тужителот во предметот Пст. бр. 236/96 е меѓу исти странки со ист правен основ и иста фактичка состојба.

Од погоре наведените причини, а согласно чл. 370 од ЗПП се одлучи како во изрвката на решението.

При повторното судење првостепениот суд потребно е да ги изведе претходно изведените докази како и доказите кои што дополнително ќе бидат предложени од странките, а кои се од значење за конкретниот граѓанско правен однос и да утврди дали не се работи за пресудена работа имајќи во предвид дека пресудена работа постои кога се работи за исто побарување, помеѓу исти странки, со ист правен основ и иста фактичка состојба. Доколку утврди дека се работи за остварено право во законска постапка помеѓу исти странки со ист правен основ и иста фактичка состојба не пости неосновано збогатување, бидејќи тужителот сите приговори и наводи можел да ги истакне во таа постапка.

Решение на Апелационен суд во Штип, Гсжбр. 228/97 од 25.11.1997 г.

**14. Лицето кое не е адвокат со добиеното полномошно за застапување од страна на физичко или правно лице, во постапката пред судот не може да го признава тужбеното барање во колку затоа посебно не е назначено во полномошното.**

. . . . . . . . . .

Првостепениот суд со пресуда го уважил тужбеното барање на тужителот кој е правно лице и утврдил дека тужителот према тужениот кој е

јавно претпријатие е сопственик на деловен простор во површина од 394 м2.

Апелациониот суд во Штип постапувајќи по жалбата на тужениот ја дека тужениот како правно лице во постапката пред судот бил застапуван од својот полномошник кој не бил адвокат и дека полномошникот на тужениот при давањето на одговорот на тужбата го признал тужбеното барање поради што, првостепениот суд донел пресуда на основа на признание.

Во чл. 96 од ЗПП е одредено : "Ако странката во полномоштието не ги определила поблиску овластувањата на полномошникот, полномошникот кој не е адвокат врз основа на ваквото полномоштие може да ги врши сите дејствија во постапката, но секогаш му е потребно изречно овластување за повлекување на тужба, за признавање или за одрекување од тужбено барање, за склучување на порамнување, за одрекување или откажување од правен лек и за пренесување на полномоштието врз друго лице, како и за поднесување на вонредни правни лекови".

Од оваа законска одредба произлегува да во конкретниов случај, бидејќи полномошникот на тужениот не е адвокат, а исто така не поседува изречно овластување за признавање на тужбеното барање, првостепениот суд донесувајќи ја нападнатата пресуда сторил суштествена повреда од чл. 354 ст.1 во врска со чл. 96 од ЗПП. Затоа следуваше пресудата да се укине и предметот врати на првостепениот суд кој во повторната постапка ќе ја отстрани констатираната суштествена повреда.

Апелационен суд Штип, Решение Гсж. бр. 119/97 од 17.06.1997 г.

# МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

**1. Во повремени парични побарувања на кои затезна камата, согласно чл. 279 ст. 3 од 300, тече од денот кога до судот е поднесено барање за негова исплата, не спаѓа надоместокот за употреба на телефон и друг сличен надоместок кој повремено се пресметува.**

**Образложение**

Првостепениот суд утврдил дека долгот за телефонската сметка за ПТТ услуги за месец мај 1993 година делумно го платил со задоцнување за кој период на задоцнето плаќање тужителот му пресметал камата на тужениот и со каматна листа го задолжил со износ од 8.147,50 денари, кој износ тужениот не го платил, па тужителот поднел тужба на 01.06.1994 година.

Тужениот поднесе жалба против првостепената пресуда побивајќи ја поради погрешна примена на материјалното право, со наводи дека согласно чл. 279 ст. 1 и ст. 3 од ЗОО, на втасани повремени парични давања не течело камата освен кога било определено со закон и дека на такви парични давања течело камата од моментот кога до судот било поднесено барање за нивна исплата, па како тужениот го платил долгот пред поднесување на тужбата на тужителот не му следувало камата.

Ваквите жалбени наводи се неосновани. Согласно чл.279 ст.1 од ЗОО, на втасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, како и на други втасани повремени парични давања не тече затезна камата, освен кога е тоа определено со закон, а према ст. 3 од истиот член на повремено втасаните парични давања тече затезна камата од моментот кога до судот е поднесено барање за нивна исплата. Законодавецот во чл. 321 ст. 4 од 300 прави разлика помеѓу повремени побарувања ( каква е закупнината ) и оние други побарувања кои само повремено се пресметуваат, за кои како пример се наведени побарувањата кои настануваат со трошење на електрична енергија или вода,

или со употреба на телефон ... Према тоа, на доверителите на доспеаните побарувања кои повремено се пресметуваат им припаѓа затезна камата према одредбите од чл. 277 од ЗОО а не од чл. 279 ст. 3 од ЗОО. По мислење на овој суд во повремени парични побарувања на кои затезна камата тече од денот кога до судот е поднесено барање за нејзина исплата не спаѓа побарувањето за употреба на телефон и други слични побарувања кои повремено се пресметуваат.

Пресуда на Апелациониот суд во Штип Гсж. бр. 160/97 од 26.08.1997 г.

**2. Парична единица на Република Македонија е денарот па сите права и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на РМ, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари.**

**Образложение**

Основани се жалбените наводи на жалителката за погрешна примена на материјалното право. Имено, судот ја задолжил тужената да му плати на тужителот 34.000 ДЕМ спротивно на чл. 1 и чл. 3 од Законот за паричната единица на Република Македонија. Согласно чл. 1 од тој закон, парична единица на Република Македонија е денарот, а према чл. 3 од истиот закон сите права и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на Република Македонија, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари.

Решение на Апелациониот суд во Штип Гж.6р.921/97 од 30.09.1997 г.

**3. Јавните патишта согласно чл. 2 од Законот за јавни патишта се добро од општа употреба , истите се во државна сопственост и над нив не може да се стекнува сопственички или други стварни права, ниту владение.**

**Образложение**

Тужениот на одредена дата го нарушил владението на тужителот на тој начин што во месец август повеќе пати го паркирал своето товарно возило на ул. "Партизанска", така што не му овозможувал на тужителот да поминува со своето патничко возило.

Првостепениот суд тужбеното барање во целост го уважил и утврдил дека тужениот на тужителот го нарушил последното мирно владение и го задолжил тужениот во иднина да не го паркира своето возило на ул."Партизанска". Смета дека барањето на тужителот на смеќавање на владението е основано и во согласност со чл. 75 и 78 од ЗОСПО.

По наоѓање на Апелациониот суд, првостепениот суд нецелосно ја утврдил фактичката состојба со тоа што не утврдил дали се работи за нарушено владение на јавен пат, па поради тоа и погрешно го применил материјалното право. Во чл. 3 ст. 1 т. 2 од Законот за јавни патишта е утврдено кој се јавни патишта. Во чл. 2 од истиот закон е утврдено дека јавните патишта се од општа употреба, истите се во државна сопственост, па поради тоа граѓаните не можат над нив да стекнуваат сопственички и други стварни права, а во рамките на ова - не можат да се стекнат ни со владение за да потоа во случај на негово нарушување да можат да бараат и заштита преку суд.

Решение на Апелационен суд Штип ГЖ. бр. 41/97 од 23.01.1997 г.

**4. За направените трошоци во текот на кривичната постапка кога првостепениот суд го отфрлил обвинителниот предлог, а не одлучил за трошоците на приватниот тужител, истите не преминуваат во долг за да можат да бидат предмет на утужување во процесна постапка, бидејќи за вака настанатите трошоци може да се одлучува само во кривичната постапка, каде се направени.**

**Од образложението**

Првостепениот суд со своја пресуда го уважил тужбеното барање на тужителката задолжувајќи го тужениот да и плати 5.300,00 денари на име долг со затезна камата, сметано од 1.08.1996 година, па до исплатата.

Апелациониот суд во Штип, жалбата изјавена од тужениот ја уважи и првостепената пресуда преиначи, со тоа што одлучи да го одбие тужбеното барање на тужителката како неосновано од следните причини :

Тужителката барала да се задолжи тужениот да и плати 5.300,00 ден. на име долг од направени кривични трошоци во постапка по предметот К.бр. 30/96, кој се водел пред првостепениот суд. Со решение К.бр.30/96 од 12.06.1996
година на првостепениот суд, отфрлен е обвинителниот предлог на Општинскиот јавен обвинител, поднесен против тужениот за кривично дело од чл. 44 ст. 2 од КЗ на РМ, поради откажување на јавниот обвинител од него. На записник пред првостепениот суд, полномошникот на оштетената - сега тужителка во спорот побарал трошоци, меѓутоа судот со споменатото решение не одлучил за трошоците. Првостепениот суд погрешно го применил материјалното право кога го задолжил тужениот да и плати на тужителката долг во износ од 5.300,00 ден. Согласно чл. 96 од ЗПП, во секоја одлука со која се запира кривичната постапка, ќе се одлучи кој ги надоместува трошоците на постапката и колку изнесуваат тие.

По мислење на овој суд ирелевантна е изјавата што тужениот ја дал на записник во кривичната постапка дека е согласен да плати 5.300,00 ден. , бидејќи предходно јавниот обвинител предходно изјавил дека го повлекува обвинението за настанатите трошоци во кривичната постапка, може да се одлучува само во таа постапка, па затоа второстепениот суд врз основа на чл. 373 од ЗПП, одлучи да ја преправи првостепената одлука и да го одбие како неосновано тужбеното барање.

Пресуда на Апелационен суд - Штип, ГЖ.бр.315/97.

**5. Одсуство на страначката легитимација е прашање на материјалното право, па во колку се утврди дека тужителот не е активно легитимиран, во тој случај за тужбеното барање треба мериторно да се одлучува, а не да се отфрла тужбата.**

**Од образложението**

Првостепениот суд не ги утврдил решителните факти, а во конкретниот случај дали помеѓу странките бил заклучен договор за закуп на нивата. Поради тоа, основани се жалбените наводи на жаклителот да првостепениот суд донесувајќи го побиваното решение сторил суштествена повреда од чл. 354 ст. 2 т. 13 од ЗПП. Исто така првостепениот суд сторил суштествена повреда предвидена во чл. 354 ст. 1 во врска со чл. 82 од ЗПП. Во текот на доказната постапка, првостепениот суд не изведувал докази и не утврдил помеѓу кои странки бил заклучен договорот за закуп, без оглед на правото на сопственост

на нивата - предмет на закупот. Затоа, при повторно судење, првостепениот суд зависно од тоа помеѓу кои лица е заклучен договор за закуп треба да одлучува за тужбеното барање. Доколку смета дека тужителот не е активно легитимиран тогаш треба да го одбие тужбеното барање како неосновано.

Решение на Апелационен суд - Штип, ГЖ.бр. 750/97

**6. Кога со извршна исправа тужениот е задолжен да го врати тужитвлот на работно место директор, во извршната постапка ваквата одлука нема да се изврши, ако во моментот на извршувањето е истекол мандатот за кој тужителот е бол избран за директор. Во вакви случаеви со распоредувањето на директорот - доверителот на работно место што одговара на неговата стручна спрема се смета двка е извршвна ваквата извршна исправа.**

**Од образложението**

Од списите приложени во предметот се гледа дека доверителот НН, бил директор кај сега должникот НН, на работна единица НН. Со одлука на генералниот директор НН, доверителот бил преместен од работно место директор на РЕ"НН", на работно место Самостоен референт за истражување и развој. Незадоволен од ваквата одлука истиот поднел приговор до Работничкиот совет, па Работничкиот совет одлучувајќи по приговорот истиот го одбил како неоснован и ја потврдил одлуката на генералниот директор. Сега доверителот НН благовремено побарал судска заштита па согласно чл. 83 од ЗОПРО поднел предлог до Основниот суд на Здружен труд Н и предложил да судот по изведувањето на докажите донесе одлука со која ке ги поништи како незаконити одлуките на директорот и на Работничкиот совет, а сега должникот да биде задолжен да го врати доверителот на работното место директор на РЕ"НН", при должникот.

Основниот суд на Здружен труд Н, постапувајќи по предлогот на сега доверителот НН со одлука Ро.бр.554/91 од 19.11.1991 год. го уважил предлогот на сега доверителот НН, ги поништил како незаконити одлуките на директорот и на Работничкиот совет при должникот НН и го задолжил должникот, сега доверителот да го врати на работно место директор на РЕ"НН" при должникот, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката.

Оваа одлука е потврдена од страна на Окружниот суд Штип со одлука Гж.бр.371/92 од 30.11.1992 год.

Бидејќи во парициониот рок должникот НН не ја извршил судската одлука доверителот НН до Општинскиот суд Н, на ден 21.12.1992 година поднел приговор во кој наведува дека се согласува да доверителот го распореди на работно место кое одговара на неговата стручна спрема.но дека неможе да го распореди на работно место директор на РЕ"НН", како што гласи извршната исправа чие извршување всушност и се бара, од причини што на тоа работно место веќе имало избран друг директор.

Основниот суд Н, постапувајќи по приговорот на должникот, со своја одлука И.бр. 6984/92 од 25.04.1997 год. приговорот на должникот го одбил како неосновано, решението за извршување И.бр. 6984/92 од 21.12.1992 год. го одржал во сила, и го задолжил да постапи по извршната исправа, да го распореди доверителот на работно место директор на РЕ"НН" прифаќајќи да доверителот НН веќе бил примен на работа кај должникот и распореден на работно место кое одговара на неговата стручна спрема, но судот смета дека должникот согласно извршната исправа е должен да го врати доверителот на работно место директор ПЕ"НН".

Од оваа одлука останал незадоволен должникот НН кој благовремено поднел жалба до Апелациониот суд во Штип, во која наведува дека со

распоредувањето на доверителот НН, на работно место што одговара на неговата стручна спрема, смета дека е извршена извршната исправа, од причини што не биле во можност да го распоредат доверителот на работно место директор на РЕ "НН", затоа што на тоа работно место веќе било избрано друго лице за директор.

Апелациониот суд во Штип постапувајќи по жалбата на должникот НН, истата ја уважи првостепената одлука решението И.бр. 6984/92 од 25.04.1997 г. ја укина и предметот го врати на повторно одлучување на првостепениот суд, наоѓајќи дека првостепениот суд сторил суштествена повреда од чл. 354 ст.2 т. 13 од ЗПП, бидејќи во образложението на нападнатата одлука нема доволно причини за одлучните факти, укажувајќи да при повторното одлучување согласно чл. 53 ст.1 од ЗИП, првостепениот суд одлучувајќи по приговорот на должникот да закаже рочиште и да утврди кога доверителот е бил избран на работно место директор на РЕ"НН" при должникот, на кое работно место со извршната исправа должникот е задолжен да го врати на работа, да утврди за кој временски период бил избран и дали временскиот период за кој што истиот е оил избран за директор во моментот на извршувањето на извршната исправа е истекол или не.

По мислење на овој суд во колку се утврди дека мандатот за кој што доверителот бил избран за директор и со извршната исправа е задолжен должникот да го врати на тоа работно место. Во времето на извршувањето е истекол, во тој случај доверителот не може да бара да истиот биде вратен на истото работно место, од причини што на тоа работно место тој е бил избран на определен временски период, па со истекот на тој период всушност и не постои работното место на кое тој е бил избран. По истекот на овој временски период е распишан нов конкурс за ова работно место на кој доверителот како и секој граѓанин на РМ имал право да се пријапил и по вторпат да биде избран за директор.

Во вакви случаеви по мислење на овој суд со распоредувањето на доверителот на работно место соодветно на неговата стручна спрема и со обезбедувањето на другите права од работен однос, се смета дека е извршрна извршната исправа иако истата гласи да доверителот биде распореден на работно место директор на кое работел пред незаконскиот престанок на работното место.

Апелационен суд Штип - 5.12.1997 година.

Решение Гж.бр. 1279/97 од 18.11.1997 година.

**7. Надоместок за одвоен живот не следува кога на лицето му се надоместуваат трошоците за сместување и исхрана како и патнитв трошоци од страна на работодавачот.**

. . . . . . . . .

Првостепениот суд со обжалената пресуда го одбил тужбеното барање на тужителот Б.К. од Гостивар со кое барал да се задолжи Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина да му исплати надомест за одвоен живот за период од 10.06.1996 год. до 30.05.1997 год. и тоа во поединечни месечни износи со законска камата на секој износ од втасаноста до исплатата

Апелациониот суд во Штип, жалбата на тужителот ја одби како неоснована, поради следните причини : Првостепениот суд утврдил дека тужителот Б.К. е геодетски техничар вработен во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и дека истиот има живеалиште во Гостивар. Со решение на Министерот на ресорното Министерство, тужителот е распореден на работи и задачи за геодетски работи во Подрачната единица во Виница. Во самото решение определена му е аконтација на плата, истовремено

му се признаени и трошоците за сместување и исхрана. Тужителот ги извршувал работните задачи во Виница, при што му се плаќа автобуска карта за превоз од Виница до Гостивар према сметка доставена од тужителот, а исто така му се исплаќа и износ од 1.200,00 денари дневен пансион према бројот на работните денови во текот на еден месец.

Во чл.73 ст.3 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на РМ ( Сл. весник бр. 53/95 ) е одредено: "Надоместокот за одвоен живот и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат".

Од оваа одредба произлегува да во конкрвтниов случај бидејќи, првостепениот суд утврдил дека на тужителот му се надоместуваат трошоците за исхрана и сместување како и патните трошоци тоа значи дека при ваква состојба на тужителот не му следува надоместок за одвоен живот.

Апелационен суд Штип, Пресуда Гж. бр. 989/97 од 30.09.1997 год.

**8. На работниците на Стопанска банка, АД - Скопје на кои ќе им престане работниот однос со отказ заради економски, технолошки, структурални или слични промени настанати во процесот на реконструирање на банката, како и на остварувањето на нивните права не се применуваат одрвдбите од чл. 127 ст. 1 и чл. 129 од Законот за работни односи, во смисла на чл. 5 -19а од Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Р.Македонија, како и одредбите од општиот и колективниот договор на Стопанска банка АД - Скопје, со кој се разработени и детализирани одредбите одчл.127ст. 1 ичл. 129 од Законот за работни односи.**

**Образложение**

Основниот суд го уважил тужбеното барање на тужителките. Решенијата за престанок на работниот однос ги поништил и го задолжил тужениот да ги врати на работа на работно место кое одговара на нивните стручни квалификации.

Незадоволен од ваквата пресуда тужениот поднел жалба поради погрешна примена на материјалното право.

Жалбата е основана.

Првостепениот суд правилно утврдил и неспорно е дека тужителите биле вработени кај тужениот на работни места благајник - ликвидатор. Тужителката Н.Н. имала работен стаж од 7 години и 7 месеци и од 1996 година била на породилно боледување до месец мај 1997 година. Тужителката М.М. имала работен стаж од 11 години и 7 месеци. Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје на седницата од 6.03.1997 година утврдил дека вкупниот број на работници на кои требало да им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или сл. промени изнесувал 213 работника, од кои во Централата 69, во Филијалите 144 од кои 7 во филијалата во С. сите со средна стручна подготовка. Утврдил дека директорот во С. врз основа на оваа одлука донел решенија за престанок на работниот однос на тужителката Н.Н. и М.М. со отказ поради технолошки вишок. Против решенијата тужителките вложиле приговори по кои не добиле одговор.па поднеле тужба до надлежниот Основен суд.

Првостепениот суд погрешно го применил материјалното право кога тужбеното барање на тужителките го уважил.побиваните решенија ги поништил и го задолжил тужениот, тужителите да ги врати на работни места кои одговараат на степенот на нивната стручна подготовка. Погрешен е заклучокот на првостепениот суд дека со одредбата од чл. 5 - 19а од Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на банките на Р. Македонија (Сл. весник бр. 17/96 ) не се применувале само

одредбите одчл. 127 ст. 1 и чл. 129 од Законот за работни односи, но не и одредбите од општиот и посебните колективни договори.

Имено, одредбите од чл. 127 ст. 1 од Законот за работни односи предвидува обврска на работодавецот, работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки , структурални или сл. промени да ги извести еден месец во случаи на поединечен престанок на работниот однос или во случаи на престанок на помал број на работници, а три месеци во случаи на престанок на работен однос на повеќе од 150 работници, или 5% од вкупниот број вработени во претпријатието, пред престанокот на работниот однос.

Одредбата од чл. 129 ст. 1 од Законот за работните односи содржи упатувачка правна норма според која критериумите врз основ на кои се утврдува бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или сл. промени се утврдуваат со колективен договор. Истата упатува на колективен договор со кои попрецизно и подетално се разработуваат појдовните основи утврдени со оваа одредба, а тоа се : потребите за ефикасно функционирање на работата на работодавецот; стручната подготовка и квалификација; работното искуство; успешноста на работењето; видот и значењето на работното место; работниот стаж; возраста и др. критериуми утврдени во колективниот договор. Со тоа што на крајот од овв одредба се предвидуваат др. критериуми утврдени со колективниот договор, се остава во диспозиција на договорните партнери да можат да предвидат и во колективниот договор да утврдат и други критериуми во зависност од специфичноста на дејноста за која се склучува колективниот договор.

Одредбата од ст. 2 на овој член, упатува на колективен договор со кој се утврдуваат условите и критериумите за зашѕита на посебна категорија на работници, а тоа се инвалидизираните лица во случај на престанок на работниот однос со отказ поради технолошки вишок.

Роковите предвидени во чл. 127 ст. 1 како и појдовните основи и критериуми предвидени во чл. 129 од Законот за работни односи, се предвидени, разработени и детализирани во општите и посебните колективни договори, а со тоа и во колективниот договор на Стопанска банка АД - Скопје, кој како пакта специјалис се применува за вработените во банката. Меѓутоа, со одредбата од чл. 5 -19а од Законот за измени и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Р. Македонија (Сл. весник бр. 17/96 ) кој влезе во сила на 10.04.1996 год. е суспендирана примената на чл. 127 ст. 1 и 129 од Законот за работните односи. Според оваа одредба, на работниците на банката на кои ќе им престане работниот однос со отказ заради економски, технолошки, структурални или сл. проблеми настанати во процесот на реконструкција на банката, како и на остварувањето на нивните права не се применуваат одредбите од чл. 127 ст. 1 и чл. 129 од Законот за работни односи. Веднаш треба да напоменеме дека оваа законска одредба не се однесува на вработените во сите банки, туку само на вработените во Стопанска банка АД - Скопје. На ваква констатација упатува одредбата од чл. 19 ст. 1 од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Р. Македонија ( Сл весник бр. 14/95 ) во која за Стопанска банка АД - Скопје, во натамошниот тек со Законот се употребува терминот "Банка".

Со исклучување на примената на одредбата од чл. 127 ст. 1 и чл. 129 од Законот за работни односи за вработените во Стопанска банка АД - Скопје, во кои спаѓаат и тужителките, по оценка на овој суд се исклучува примената и на одредбите со кои се предвидени доразработени и детализирани роковите предвидени во чл. 127 ст. 1 и појдовните основи и критериуми предвидени со чл. 129 од Законот за работни односи, во врска со престанокот на работниот однос со отказ поради економски, технолошки и структурални промени, како во општиот колективен договор, така и во колективниот договор на Стопанскка банка АД - Скопје, кој како пакта специјалис се применува за вработените во Стопанска банка АД - Скопје. Колективните договори се под законски акти во

кои се детализираат одредбите од Законот за работни односи. Тие мораат да бидат во согласност со Законот, и нивната правна егзистенција е поврзана со правната егзистенција на Законските одредби и ја делат нивната судбина, а не обратно.

Од таму погрешен е заклучокот на првостепениот суд дека може да се применуваат одредбите на колективниот договор на Стопанска банка АД - Скопје и општиот колективен договор кој се однесуваат на обврските на работодавецот да ги информира работниците на кои ќе им престане работниот однос по овој основ во роковите предвидени во чл. 127 ст. 1 од Законот за работни односи и критериумите за утврдување бројот на структурата на работниците чии појдовни основи се утврдени во чл. 129 од истиот Закон, иако со одредбата од чл. 5-19а од Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од Банките изричито е наведено дека на работниците на Банката на кои ќе им престане работниот однос по овој основ во процесот на реконструирањето на Банката, како и на остварувањето на нивнитв права не се применуваат одредбите од чл. 127 ст. 1 и чл. 129 од Законот за работните односи.

Пресуда на Апелациониот суд во Штип ГЖбр. 908/97 од 29.10.1997 г.

**9. Судовите при донесувањето на своите одлуки, при примената на материјалното право, не треба да се повикуваат на начелните ставови и на начелните правни мислења утврдени од страна на повисоките судови.**

**Од образложението**

Од списите приложени во предметот се гледа дека тужителот НН поднел тужба до Основниот суд Н, и бара тужениот НН, на име надомест на штета поради незаконскиот престанок на работниот однос за врвмвнскиот период од 01.07.1990 год. до 01.04.1992 год. да му;а исплати сумата во износ од 3.765,00 денари.

Основниот суд Н, постапувајќи по тужбата на тужителот НН, го уважил тужбеното барање и во својата одлука при примената на материјалното право се повикува на началниот став бр. 1/96, утврдена од страна на Врховниот суд на РМ утврдена на Општата седница на ден 17.06.1996 год.

По мислење на Апелациониот суд Штип судовите во своитв одлуки при примената на материјалното право не треоа да се повикуваат на начелните ставови и на начелните правни мислења утвдени од страна на повисоките судови, а поради следните причини :

Согласно чл. 8 алинеа 4 од Уставот на РМ е утврдена поделба на државната власт на Законодавна .извршна и судска. Согласно така извршената поделба на државната власт, во чл. 98 од Уставот на РМ, е предвидвно дека судската власт ја вршат судовите како самостојни, независни органи кои судат врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Согласно чл. 11 од Уставниот Закон за спроведување на Уставот на РМ, е донесен Законот за судовите објавен во Сл. весник на РМ, бр. 36/95 од 27.07.1995 година, па согласно чл. 2 од овој Закон е предвидено судовите се самостојни и независни државни органи и истите судат врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, како и во чл. 4 од истиот Закон е предвидено да во остварувањето на своите цели и функции судовите се врзани единствено за Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во соглласност со Уставот.

По чл. 35 ст. 1 ал. 1 од Законот за судовите при определувањето на надлежноста на Врховниот суд на РМ, е предвидвно да утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на Законите од страна на судовите, а во ст. 2 од истиот

член е предвидено начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на РМ, на Општите седници се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на РМ. Понатаму во чл. 11 од Законот за судовите е предвидвно во примената на правото судијата не е врзан за правното мислење на повисокиот суд.

Тргнувајќи од Уставната и законската определба дека за остварувањето на своите цели и функции судиите се врзани единствено за Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, овој суд смета дека ако судовите при одлучувањето при примената на материјалното право се повикуваат на начелните ставови и на начелните правни мислења утврдени од страна на повисоките судови се дава можност на судовите да при пресудувањето излегуваат надвор од рамките на Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, односно се дава можност за необјективно и пристрасно пресудување во пооделни случаеви.

Апелационен суд Штип, ГЖ. бр. 1272/97 од 14.11.1997 г.

Пресуда на Основен суд , П.бр.279/97 од 30.05.1997 г.

# ОБЈАСНУВАЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ УПОТРЕБЕНИ ВО СОДРЖИНАТА НА БИЛТЕНОТ

| | |
|---|---|
| 1. КЗ | - Кривичен законик |
| 2. КЗ на РМ | - Кривичен закон на Република Македонија |
| 3. КЗ на РМ. ОПД | - Кривичен закон на Република Македонија општ и посебен дел |
| 4. ЗКП | - Закон за кривичната постапка |
| 5. ЗПП | - Закон за процесната постапка |
| 6. ЗВП | - Закон за вонпроцесната постапка |
| 7. ЗИП | - Закон за извршната постапка |
| 8. ЗОО | - Закон за облигационите односи |
| 9. ЗОСПО | - Закон за основните сопственосно правни односи |
| 10. ЗРО | - Закон за работните односи |
| 11. ЗОПРО | - Закон за основните права од работен однос |
| 12. ЗП | - Закон за прекршоците |